**20220670777**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (*)

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Северна Македонија (*),

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 март 2022 година.

Бр. 08-1274/1
16 март 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (*)

Член 1

Во Законот за државјанството на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 67/1992, 8/2004, 98/2008, 158/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 174/21), во член 23 во ставот 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „или со потврдата за содржани лични податоци во Централниот регистар на население во постапките определени со закон.“.

Во ставот 2 по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

„Уверението за државјанство на Република Северна Македонија може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на подносителот на барањето на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронска адреса наведена од подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Во ставот 3 по првата реченица се додава нова реченица, која гласи:

* Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ, CELEX бр.32014R0910

„Приговорот против уверението може да се поднесе и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.“.

Член 2

Подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за државјанството на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 67/1992, 8/2004, 98/2008, 158/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 174/21), ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.